

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**25.03.2020-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ



**Откриен сторителот на вандалскиот чин**

Откриен е сторителот на вандалскиот чин во центарот на Гевгелија,кога на шеталиштето и во околината од центарот на градот, беа уништени поголемиот број од жардинериите со цвеќе и садници. За кратко ЈПКД „Комуналец“ веднаш изврши обнова на јавните жардинери. ОВР- Гевгелија го утврди идентитетот на сторителот на кривичното дело.

- Во врска со синоќешниот немил настан што се случи во Гевгелија, најстрого го осудувам ваквиот вандалски чин невообичаен за Гевгелија, изјави денес градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков. Преземени се сите мерки од страна на Полициската станица и ОВР- Гевгелија за брзото откривање на сторителот и неговиот идентитет поради што упатувам пофалби за брзата акција. Се работи за лице кое има психолошко нарушување и истиот веднаш е транспортиран во Психијатриската болница во Негорци, информираше градоначалникот Поцков, кој покрај осудата на овој чин, апелираше до граѓаните да останат мирни и дома и да ги почитуваат мерките на Владата на Република Северна Македонија.





**<u>Општина Гевгелија обезбеди 8000 заштитни маски за граѓаните</u>**

Општина  Гевгелија обезбеди 8000 бесплатни заштитни маски за потребите на граѓаните во општината. Маските се донација од конфекциската фабрика „Дока текстил“ во Валандово која и донираше 8000 заштитни маски на општина Гевгелија. На тој начин, со шиењето на заштитните маски, покрај редовниот производен процес, оваа компанија ја потврди својата општествена одговорност.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, изрази благодарност за донацијата и солидарноста на „Дока текстил“ од Валандово:

- Апелирам до граѓаните да не се шири фамата за недостиг од заштитни маски бидејќи општина Гевгелија преку донацијата обезбеди доволно заштитни маски.  Повикувам на смиреност и трезвеност во овие сериозни моменти за нашата земја, вклучувајќи ја и општина Гевгелија, рече Сашо Поцков, нагласувајќи дека маските ќе бидат дистрибуирани до сите граѓани во општината.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

## 25.03.2020-Среда



### Започна акцијата за делење бесплатни маски на граѓаните

Од денес започна акцијата за делење бесплатни маски. Во периодот од 10 до 16 часот секој ден, бесплатните заштитни маски ќе се делат на посебен пункт поставен на градскиот плоштад, пред супермаркетот „Кит-Го“.

Маските на граѓаните ќе ги делат волонтерите на Невладината организација „Чејнџмејкерс“ која се вклучи во реализацијата на оваа акција на Општина Гевгелија. Исто така, маски ќе се доставаат и до сите села во околината на Гевгелија. Маските се донација од „Дока текстил“- Валандово.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk